# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Петок, 6 октомври 1995
Скопје
Број 47 Год. LI

Аконтацијата за 1995 година изнесува 5.000 денари. Овој број чини 200 денари. Жиро сметка 40100-603-12498


**1200.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 и член 82 став 3 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗНАМЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за знамето на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 5 октомври 1995 година.

Број 08-3359/1
5 октомври 1995 година
Скопје

За претседател
на Република Македонија
Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

### ЗАКОН
### ЗА ЗНАМЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој закон се утврдува знамето на Република Македонија.

Член 2

Знамето на Република Македонија е црвено со златно-жолто сонце. Сонцето е со осум сончеви зраци кои се простираат од сончевиот диск со проширување до рабовите на знамето. Сончевите зраци се вкрстуваат по дијагонала, хоризонтала и вертикала.

Дијаметарот на сончевиот диск е една седмина од должината на знамето.

Центарот на сонцето се поклопува со точката во која се сечат дијагоналите на знамето.

Односот на ширината и должината на знамето е еден спрема два.

Член 3

Ликовно-графичкиот приказ на знамето на Република Македонија е составен дел на овој закон.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за знамето на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 50/92).

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.



ЛИКОВНО-ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА ЗНАМЕТО

**1201.**

Собранието на Република Македонија, врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, а по повод атентатот врз претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров, извршен на 3 октомври 1995 година, на седницата одржана на 5 октомври 1995 година, донесе

## ДЕКЛАРАЦИЈА

1. Собранието на Република Македонија го осудува атентатот врз претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров, и го оценува како терористички чин и брутален обид за отстранување на најмаркантната личност на нашата денешнина и за спречување на курсот на македонската држава кон нејзината консолидација и придружување кон европските и светските интеграциони процеси. Исто така, Собранието оценува дека атентатот претставува акт против разумот и мировните процеси во регионот и против сите сили кои се залагаат за тие процеси и во нив гледаат единствена алтернатива за Балканот како регион на мирот, на демократијата и на меѓусебната добрососедска соработка и доверба.

2. Собранието на Република Македонија истакнува дека нема сили што ќе ја спречат Република Македонија доследно да го остварува патот за кој се определи со Уставот и другите акти како израз на волјата на граѓаните, но и како нужна ориентација за сообразување на развојот на Републиката со потребите што ги наметнува современиот развој на демократијата и човештвото. Затоа, Република Македонија цврсто ќе опстои на својата европска ориентација, на спремноста за соработка со сите демократски ориентирани земји во светот и особено на определбата за развој на добрососедски односи, на покренување и поддржување на иницијативи за јакнење на мирот во регионот и зацврстување на меѓусебната доверба меѓу државите на ова подрачје. Република Македонија цврсто останува на основните уставни определби за своето внатрешно уредување, за меѓуетничката и верска толеранција, заедничкиот живот и меѓусебна доверба и почитување.

3. Собранието на Република Македонија им изразува благодарност на граѓаните на Република Македонија за нивната јасна и еднодушна осуда на злосторничкиот атентат врз претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров и изразува задоволство заради довербата што ја искажуваат кон уставните институции на државата.

Собранието на Република Македонија изразува благодарност на раководствата на верските заедници во Република Македонија за еднодушната осуда на злосторничкиот акт против претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров.

Собранието на Република Македонија, исто така, ја цени конструктивноста на политичките партии кои го осудија злосторничкиот акт против претседателот на Република Македонија, со што тие јасно се декларираа дека своето постоење и дејствување го врзуваат за развојот на демократските процеси, мирот и функционирањето на институциите на државата како трајни уставни и цивилизациски вредности.

Истовремено, Собранието на Република Македонија укажува на потребата политичките партии и нивните лидери во настанатите околности да не дозволат во нивните настапи и дејствување одредени авантуристички настроени поединци и групи да најдат поттик за непромислени активности.

4. Собранието на Република Македонија ја изразува својата благодарност за осудите на овој гнасен терористички акт искажани од страна на огромен број државници, политички лидери и истакнати јавни личности од странство.

Собранието на Република Македонија особено ги цени нивните желби за брзо закрепнување на претседателот на Република Македонија господинот Киро Глигоров и за негово скоро враќање на извршување на своите претседателски должности.

5. Собранието на Република Македонија ја изразува својата благодарност на експертите на хируршките клиники на Медицинскиот факултет во Скопје, на другиот медицински персонал од клиниките, на експертите и персоналот на Градската болница во Скопје и на сите експерти и медицински екипи од странство за нивниот високопрофесионален и високоетички однос во укажувањето на медицинската помош на претседателот на Република Македонија.

Собранието на Република Македонија им се заблагодарува на државните органи на оние земји што испратија и што понудија експертски екипи со цел да му се помогне на претседателот на Република Македонија.

6. Собранието на Република Македонија очекува надлежните органи на Република Македонија брзо и ефикасно да ја спроведат започнатата истрага, да ги откријат организаторите, наредбодавачите и извршителите на овој гнасен чин. Ефикасноста во извршувањето на овие задачи ќе влијае на трајната стабилност и безбедност на Републиката и ќе биде доказ за цврстината и зрелоста на државата во спротивставувањето кон секакви обиди на тероризам.

7. Оваа декларација ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-3369/1
5 октомври 1995 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с. р.

---

**1202.**

**Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92) на седницата одржана на 20 септември 1995 година, донесе**

## ОДЛУКА

**1. СЕ УКИНУВА Одлуката за утврдување поблиски услови за градба на објектите на подрачјето на град Скопје („Службен гласник на град Скопје" бр. 9/93).**

**2. СЕ УКИНУВА времената мерка за запирање од извршување на поединечните акти и дејствија донесени односно преземени врз основа на оспорената одлука.**

**3. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".**

**4. Уставниот суд на Република Македонија по иницијатива на Извршниот одбор на Собранието на Општина Центар во Скопје со Решение бр. 178/95 од 14 јуни 1995 година поведе постапка за оценување законитоста на актот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со законот.**

**5. На седницата Судот утврди дека со одлуката се уредуваат поблиските услови за градба на објекти на подрачјето на град Скопје, а кои се однесуваат на: максимални димензии на габаритот на објектот и услови на растојание, пренамена на дел од објектот, доградба и надградба на објектите, нивелациона кота и градежна линија и други подетални услови за градба. Исто така, со оспорената одлука се уредува и постапката за утврдување на поблиски услови за градба.**

6. Во член 38 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на СРМ“ бр. 38/85) беше предвидено измената на плановите од помал обем да се врши со пропис на општината во однос на доградба, надградба на објектите, измена на габаритот на објектите, нивелациона кота и градежна линија. Со измените на овој закон („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90) споменатиот член од Законот престана да важи. Со член 45 од Законот собранијата на општините, органите на управата и претпријатијата од член 25 од овој Закон се определува да ги усогласат просторните и урбанистичките планови и постапката за нивното донесување во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон. Според член 46 став 1 од Законот, до усогласување на плановите од член 45 од овој закон, собранието на општината може со општ акт да ги утврди поблиските услови за градба, односно во поглед на доградба, надградба, максимални димензии на габаритот на објектот, пренамена на дел од објектот и другите подетални услови за градба, а според став 2 на членот 46 од Законот, во постапката за донесување на актот од став 1 на овој член не се применуваат одредбите од член 31 од Законот.

Од изнесените законски одредби произлегува дека со рокот предвиден со член 45 од Законот (едногодишен рок за усогласување на плановите со Законот) е продолжено овластувањето на општината во истата постапка да врши измена на плановите од помал обем. (Рокот за усогласувањето траел до 27 ноември 1991 година). По овој рок престанува овластувањето на собранието на општината да донесува поблиски услови за градба на објекти од помал обем.

Со оглед на тоа што оспорената одлука е донесена на 4 јули 1993 година односно по рокот предвиден за усогласување на актите (27 ноември 1991 година), Судот оцени дека таа не е во согласност со Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање.

7. Со оглед на тоа што Судот го укина актот означен во точката 1 од оваа одлука, привремената мерка за забрана на извршување на поединечните акти и дејствија донесени односно преземени врз основа на таа одлука.

8. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

9. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У. бр. 178/95
14 јуни 1995 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Јован Проевски**, с.р.

---

**1203.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 71 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/92), на седницата одржана на 20 септември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ член 3 од Одлуката за определување локација за изградба на сточарска фарма бр. 08-460/3 и член 3 од Одлуката за определување локација за изградба на штала за чување крави молзници бр. 08-460/2, донесени од Собранието на Општина Кичево на 21 декември 1994 година („Службен гласник на Општина Кичево“ бр. 3/94).

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

3. Уставниот суд на Република Македонија со Решение У. бр. 210/95 и У. бр. 262/95 од 5 јули 1995 година поведе постапка за оценување законитоста на член 3 од одлуките означени во точката 1 од оваа одлука затоа што се постави прашањето за нивната согласност со член 54 став 2 од Законот за системот на просторно и урбанистичко планирање.

4. На седницата Судот утврди дека со одлуките согласно член 54 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање се определува локација за изградба на сточарска фарма на КП. бр. 6673 во МЗ „Бучало“ во КО Кичево и се определува локација за изградба на штала за чување на крави молзници на КП бр. 119 во КО Србјани, МЗ „Демирица“ во Кичево.

Во членовите 3 на двете оспорени одлуки е предвидено дека влегуваат во сила откако ќе се прибават согласности од месните заедници кон чии атар припаѓаат предметните парцели.

Понатаму, Судот утврди дека на просторот кој е опфатен со одлуките нема донесено урбанистички планови.

Судот, исто така, утврди дека во постапката за донесување на одлуките се прибавени согласности од Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина бр. 20-7194/6 од 16 декември 1994 година и од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 08-3193/2 од 7 декември 1994 година.

5. Согласно член 54 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/85 и 38/90) за населени места и надвор од нив за кои не е донесен просторен или урбанистички план или донесениот план не содржи елементи за утврдување услови за градба, локација за изградба на јавни, општествени односно станбени објекти може да се издаде врз основа на посебен акт на Владата на Република Македонија односно општ акт на собранието на општината за објекти од општинско значење.

Општиот акт од став 2 на овој член се донесува по претходно издадена согласност од републичките органи на управата надлежни за работите на урбанизмот и земјоделството.

Од изнесената одредба од законот произлегува дека овластувањето од член 54 од Законот, Владата односно собранието на општината може да го користи само ако не е донесен просторен или урбанистички план или донесениот план нема елементи за утврдување услови за градба. Притоа, овој акт може да се донесе само ако е добиена претходна согласност од надлежните министерства.

Со оглед на тоа што влегувањето во сила на одлуките е условено со давање согласност од месните заедници која не е предвидена со закон Судот утврди дека член 3 од двете одлуки не е во согласност со член 54 од Законот.

6. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У. бр. 210/95 и 262/95
5 јули 1995 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Јован Проевски**, с. р.

1204.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 13 септември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ ПОНИШТУВААТ:

– Одлуката за зголемување на уписнината која ќе ја плаќаат адвокатите кои се впишуваат во Именикот на адвокатите, донесена од Претседателството на Адвокатската комора на Република Македонија на 19 мај 1995 година, и

– Препораките за Извршниот одбор на Претседателството на Адвокатската комора на Република Македонија при решавањето на барањата за упис во Именикот на адвокатите, донесени од Претседателството на Адвокатската комора на 14 април 1995 година.

2. СЕ УКИНУВА Решението У.бр. 182/95, У.бр. 186/95, У.бр. 187/95 и У.бр. 203/95 од 14 јуни 1995 година со кое се запрени од извршување поединечните акти и дејствија донесени односно преземени врз основа на актите означени во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

4. Уставниот суд на Република Македонија, на иницијатива од Владимир Станиславовски од Пробиштип, Јулка Ивановска и Тодор Арсов од Скопје и од Љупчо Кожовски и Томислав Крушаревски од Битола, со решение У.бр. 182/95, У.бр. 186/95, У.бр. 187/95 и У.бр. 203/95 донесено на 14 јуни 1995 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актите означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со член 53 од Уставот на Република Македонија и со членовите 1,2,8,9 и 10 од Законот за адвокатурата.

Воедно, Судот ги запре од извршување поединечните акти и дејствија донесени односно преземени врз основа на актите означени во точката 1 од оваа одлука, до донесување конечна одлука, заради спречување да настанат тешко отстранливи штетни последици со оглед на претстоечка јунска сесија за упис во Именикот на адвокатите.

5. На седницата Судот утврди дека со оспорената одлука се определува уписнина односно уписен влог за запишување во Именикот на адвокатите во износ од 4.000 ДЕМ во денарска противвредност. Исто така, Судот утврди дека со Препораките се предвидува кандидатот за упис во Именикот на адвокатите да треба да има доказ за поседување на деловна просторија (сопствена или под закуп), која ќе има најмалку две одделенија (точка 1), потоа, лице кое е постојан консумент на алкохол, хомосексуалец или кое е казнувано за прекршоци против јавниот ред и мир да се смета дека не ужива углед за вршење на адвокатската дејност (точка 2), лице – работник во јавна или државна служба кое е отпуштено од работа поради повреда на работната должност или поради неисполнување на условите за останување во таа служба, како и судии, јавни обвинители и јавни правобранители кои поднеле барање а нема да бидат избрани на таа должност, да се смета дека не ужива углед за вршење на адвокатската дејност бидејќи таков углед нема за напред наведените должности (точка 3). Освен тоа, се предвидува дека лице кое ги исполнило условите за пензионирање да се смета дека не ги исполнува општите услови за засновање на работен однос утврдени во член 9 став 1 од Законот за адвокатурата и не треба да се запише во Именикот на адвокатите (точка 4).

6. Според член 53 од Уставот на Република Македонија и член 2 од Законот за адвокатурата („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/92) адвокатурата е самостојна и независна јавна служба што обезбедува правна помош и врши јавни овластувања во согласност со закон. Понатаму, во член 1 од Законот се определува дека со Законот се уредуваат, покрај другото, условите за упис во Именикот на адвокатите, при што во член 9 став 1 од Законот се утврдува во Именикот на адвокатите да може да се запише државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови за засновање работен однос, дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на адвокатската дејност. Според член 8 од Законот, правото за вршење на адвокатската дејност се стекнува со уписот во Именикот на адвокатите на Адвокатската комора на Република Македонија, за што, согласно член 10 став 1 од Законот, решава надлежен орган на Комората на начин и под услови определени со овој закон.

Од изнесените уставни и законски одредби произлегува дека со Законот за адвокатурата се уредуваат условите за упис во Именикот на адвокатите и за стекнување право за вршење на адвокатската дејност, при што надлежен орган на Адвокатската комора на Република Македонија е овластен во секој конкретен случај да утврдува дали кандидатот ги исполнува условите определени со Законот за адвокатурата, а не и да пропишува дополнителни услови.

Со оглед на тоа што со актите означени во точката 1 од оваа одлука се определуваат дополнителни услови за запишување во Именикот на адвокатите, а што според наведените уставни и законски одредби се уредува со Законот, Судот утврди дека Одлуката и Препораките не се во согласност со означените уставни и законски одредби.

7. При определувањето на видот на интервенцијата, Судот утврди дека се исполнети условите за донесување на одлука за поништување предвидена во член 73 од Деловникот на Судот, поради што одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Со оглед на тоа што донесе конечна одлука по оспорените акти, Судот утврди дека се исполнети условите за укинување на решението со кое е изречена времена мерка предвидена во член 27 од Деловникот на Судот, поради што одлучи како во точката 2 од оваа одлука.

9. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа Одлука.

10. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У.бр. 182/95, У.бр. 186/95,
У.бр. 187/95 и У.бр. 203/95
13 септември 1995 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Јован Проевски**, с.р.

---

1205.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 алинеја 2 и член 112 од Уставот на Република Македонија и член 71 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 20 септември 1995 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се укинува Одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на Урбанистичкиот план за населбата

**Пештани, донесена од Собранието на Општината Охрид, под бр. 08-5104 од 13 јули 1989 година.**

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по поднесена иницијатива од Климе Блажески од с. Пештани, Охрид поведе постапка за оценување законитоста на одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нејзината согласност со Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање.

4. Судот на седницата утврди дека со оспорената одлука се усвојуваат измени и дополнувања на Урбанистичкиот план за населбата Пештани, донесен во 1980 година. Измените и дополнувањата се извршени во три просторни целини на Урбанистичкиот план и тоа: на К.П. бр. 970/2, 969/1 и 969/2 е предвидена локација за изградба на пошта, на КП. бр. 981, 981/1, 982 и 983 е предвидена изградба на паркиралиште и на КП. бр. 753/2, 753/1 и др. се предвидува лоцирање на туристичко угостителски објекти со спратност од П+1 кат. На просторот, што бил непосреден повод за поднесување на иницијативата, се предвидува изградба на објект за општествена намена (првобитно за АД „Слобода" - Охрид, а потоа на Претпријатието ЦИП–Охрид), со катност од П+1+поткровје.

Притоа, Судот утврди дека за донесување на оспорената одлука нема документација дека во фаза на нацрт била ставена на јавен увид, ниту пак, дека е одржана јавна расправа.

5. Според член 31 од Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање („Службен весник на СРМ" бр. 38/85), кој важел во времето на донесувањето на оспорената одлука, просторниот и урбанистичкиот план се изработуваат во две фази: нацрт на план и предлог на план. Според став 4 од овој член на Законот, просторниот и урбанистичкиот план, задолжително се ставаат во фазата нацрт на план на јавен увид и јавна расправа. Измените и дополнувањата на просторните и урбанистичките планови, според член 37 став 2 од Законот, се вршат на начин и постапка пропишани со овој закон за нивното донесување.

Од наведените законски одредби јасно произлегува дека ставањето на јавен увид и одржувањето на јавна расправа биле задолжителни елементи во постапката за донесување на урбанистичките планови и на измените и дополнувањата што на нив се вршат.

Со оглед на тоа што, во конкретниот случај нема докази дека оспорената одлука во фаза на нацрт била ставена на јавен увид, ниту пак, дека е одржана јавна расправа, Судот оцени дека таа не е во согласност со одредбите на Законот за системот на просторното и урбанистичкото планирање.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У.бр. 32/95
20 септември 1995 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд
на Република Македонија,
д-р **Јован Проевски**, с.р.

# *Огласен дел*

## ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр 8990/95 на регистарска влошка бр. 1-63301-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето во приватна сопственост на Претпријатието за производство, транспорт и трговија на големо и мало „СИЛК – КОМЕРЦ" ц о увоз-извоз ул „Васко Карангелевски" бр. 55, Куманово

Претпријатието е основано со одлука за основање од 05 07 1995 год., а основач е Лепа Димитриевска од Куманово.

Дејности 011941, 011949, 011990, 012421, 012429, 012901, 013010, 013021, 013022, 013050, 013099, 013121, 013122, 013200, 013400, 013500, 020110, 020140, 020201, 020202, 060501, 060502, 060601, 060602, 060802, 70111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 071040, 071050, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070229, 072030, 070240, 070250, 070260, 080121, 080129, 080190, 090121, 090131, 091032, 090139, 090150, 090160, 090171, 090181, 090183, 090189, 090201, 090209, 100101, 110301, 110302, 110303, 110309, 110903, 110909, 070310, 070320, застапништво и посредништво, реекспорт, консигнациона продажба, меѓународен транспорт на патници и стоки, малограничен промет со· Албанија, Грција, Бугарија и Р Србија, меѓународна шпедиција

Претпријатието во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските настанати во правниот промет со трети лица претпријатието целосно одговара со целокупниот имот

Овластено лице за застапување на претпријатието во внатрешен и надворешен трговски промет е Лепа Димитриевска, директор без ограничување

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр 8990/95 (9440)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег бр 6841/95, на регистарска влошка бр. 1-62474- 0-0-0, го запиша во судскиот регистар промена основањето на Претпријатието за промет, производство и услуги „ОЛИ-ГОР" д.о.о. увоз-извоз ул. „Љуба Ивановиќ" бр 1-а, нас. Бутел II, Скопје.

Дејности: 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 07016, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 090209, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 090189, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 110302, 110309, 013400, 110909, 012310, 012810, 012820, 012830, 013021, 013022, 013030, 013050, 013113, 013114, 013115, 01321, 013122, 020100, 020121, 020140, 020201, 060501, 060602, 060602, 080111, 080112, 080119, 080121, 080190, 080201, 080202, 090110, 090121, 090122, 091023, 091024, 090129, 090131, 090140, 090150, 090160, 090171, 090172, 090132, 090139, 090201, 130160.

Од Окружниот стопански суд во Скопје Срег. бр 6841/95 (7573)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег бр 6879/95, на регистарска влошка бр 1-62109-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето во приватна соспственост и запишување право на вршење работи во надворешно трговски промет на Претпријатието за трговија и услуги „СЦД-3" ц.о. експорт-импорт ул. „Алпи" бр 73, Скопје.

Претпријатието е основано со акт за основање од 03.05. 1995 год , а основач е Дестан Севим од Скопје.

Дејности: 0701, 07011, 070111, 070112, 070113, 070114, 07012, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 07013, 070132, 070140, 070150, 0702, 07021, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 07022, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 110309, 110909, 0901, 09012, 090121, 090123, 08012, 080129, 080190, 070310, 070320.

Претпријатието во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските настанати во правниот промет претпријатието целосно одговара.

Лице овластено за застапување на претпријатието во надворешно трговскиот промет е Дестан Севим, директор без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје Срег. бр. 6879/95 (7576)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег бр 8037/95, на регистарска влошка бр. 1-62793- 0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатието за трговија на големо и мало и услуги во прометот „ЈУГ-ГОС" експорт-импорт д.о.о. ул „Никола Парапунов" б-9/лц-2/3, Гостивар.

Претпријатието е основано со одлука за основање бр 1/95 од 1.5 1995 год а основачи се Мицковски Богдан и Софески Миле.

Дејности: 070110, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 070310, 070320, 050301, 050302, 020110, 020121, 020131, 020140, 030003, 060501, 060503, 080112, 080190, 080201, 080202, 110404, 110109, 110302, 110303, 110309, 110909, 090181, 090189, 060502

Од Окружниот стопански суд во Скопје Срег бр 8037/95 (7917)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 5102/95, на регистарска влошка бр. 1-51864-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на основачи на Претпријатието за производство, услуги и трговија на големо и мало „АКДЕНИЗ КОМЕРЦИЈАЛ КОМПАНИ“ експорт-импорт, д.о.о., ул. „Петре Георгиев“ бр. 22, Скопје.

На ден 29.03.1995 год. во претпријатието истапиле Зеки Јилдиз и Јешилјурт Ејип.

Во надворешен промет се запишува Реџеп Сабек.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 5102/95. (5467)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 5606/95, на регистарска влошка бр. 1-61156-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето во приватна сопственост како Д.О.О. и запишување на правото за надворешно-трговско работење на Претпријатието за производство, трговија и услуги „МЕДИОР“ Д.О.О. експорт-импорт, ул. „Хелсинки“ бр. 29, Скопје.

Претпријатието е основано со договор од 31.3.1995 год., а основачи се: Маја Русомароска и Иван Русомаровски, и двајцата од Скопје.

Дејности: 013030, 013042, 013043, 013050, 013099, 013121, 013122, 013909, 012421, 012429, 090183, 030003, 011320, 050100, 050202, 050203, 050209, 050301, 050302, 110402, 110403, 110404, 060501, 060502, 060503, 060803, 060602, 090121, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 080114, 080119, 080190, 080201, 090202, 090209, 110109, 110301, 110202, 110302, 110303, 110304, 110309, 110620, 110902, 110903, 110905, 110909, 070310, 070320, посредување и застапување во прометот на стоки и услуги, реекспорт, лизинг, меѓународен транспорт на стоки и патници, услуги на меѓународен транспорт на стоки и патници, меѓународна шпедиција, туристички услуги, меѓународни сообраќајно-агенциски работи, продажба на стоки од консигнациони складови, продажба на стоки од слободни царински продавници, изведување на инвестициони работи во странство, малограничен промет со Бугарија, Албанија, Грција и СР Југославија.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 5606/95. (5611)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 5210/95, на регистарска влошка бр. 1-60913-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатие за производство, услуги и промет „БРАЌА НИКОЛИЌ“ ц.о., увоз-извоз, ул. „Октомвриска револуција“ локалитет Табакана, Куманово

Дејности: 011320, 011390, 011710, 011741, 011832, 011941, 012321, 012322, 012810, 013021, 013010, 013041, 013042, 013050, 013121, 020110, 020121, 020140, 020201, 020202, 050302, 060501, 060502, 060503, 060601, 060609, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070229, 070230, 070240, 070250, 080190, 080112, 080114, 080119, 080201, 080202, 080129, 090121, 090189, 110309, 110909, 070310, 070320, консигнациона продажба, реекспорт и посредување, меѓународна шпедиција, меѓународен друмски превоз на стоки и патници, сообраќајно агенциски работи, туристички работи со странство, малограничен промет со Бугарија Грција, Албанија и Југославија.

Во правниот промет со трети лица претпријатието истапува за свое име и за своја сметка. Целосна одговорност. Оливер Николиќ директор на претпријатието без ограничување.

Од Окружниот суд во Скопје, Срег бр. 5210/95 (5744)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 3844/95, на регистарска влошка бр. 1-60832-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатие за производство, услуги и промет „КОСТА С.И.“ ц.о., увоз-извоз, ул. „Октомвриска револуција“ бр. 5 I/14, Куманово

Дејности: 011320, 011390, 011710, 011741, 011832, 011941, 012321, 012322, 012810, 013021, 013010, 013041, 013042, 013050, 013121, 020110, 020121, 020140, 020201, 020202, 050302, 060501, 060502, 060503, 060601, 060609, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070229, 070230, 070240, 070250, 080190, 080112, 080114, 080119, 080201, 080202, 080129, 090121, 090189, 110309, 110909, 070310, 070320, консигнациона продажба, реекспорт и посредување, меѓународна шпедиција, меѓународен друмски превоз на стоки и патници, сообраќајно агенциски работи, туристички работи со странство, малограничен промет со Бугарија, Грција, Албанија и Југославија.

Во промет со трети лица претпријатието истапува за свое име и за своја сметка. Целосна одговорност. Основач Костадиновиќ Ивица – директор без ограничување.

Од Окружниот суд во Скопје, Срег бр. 3844/95 (5745)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 2506/95, на регистарска влошка бр. 1-59614-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на друштво со ограничена одговорност во приватна сопственост и запишување на право на вршење на работи во надворешно трговскиот промет на Претпријатие за производство и трговија на големо и мало „АГРОБИЛ“ Д.О.О., ул. Индустриска 90 Кавадарци.

Претпријатието е основано со акт за основање бр. 1/1 од 16.02.1995 год. а основач е Петрева Босилка.

Дејности: 011311, 011314, 011319, 011320, 011949, 012321, 012322, 012323, 012201, 020110, 020120, 020130, 020140, 012622, 050302, 050301, 07011, 070111, 070112, 070113, 070114, 07012, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 07013, 070132, 070140, 070150, 07021, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 07022, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 060502, 090140, 090181, 110903, 110909, 110309, 070310, 070320. Претпријатието во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за воја сметка.

За обврските створени во правниот промет, претпријатието одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување во внатрешното и надворешното трговско работење е Петрева Босилка, директор без ограничување.

Од Окружниот суд во Скопје, Срег бр. 2506/95 (5746)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 4463/95, на регистарска влошка бр. 1-57431-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширување на дејност на Претпријатието за производство, промет и услуги „ЦАЦА–РЗ“ д.о.о., експорт импорт, Огњан Прица бр. 26/1-8, Скопје.

Зоран Јаневски директор без ограничување да се брише. Роза Јаневска директор без ограничување да се запише.

Од Окружниот суд во Скопје, Срег бр. 4463/95 (5747)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 4185/95, на регистарска влошка бр. 1-61064-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на Претпријатие за производство, промет и услуги Лаки Рад Компани, доо, ул. Моша Пијаде 6б, Скопје

Претпријатието е основано со акт за основање од 10.01.1995 г.

Дејности: 011113, 011231, 011313, 011390, 011430, 011527, 011710, 011722, 011729, 011730, 011741, 011742, 011743, 011749, 011791, 012201, 012202, 012310, 012321, 012322, 012324, 012421, 012439, 012622, 013500, 013909, 020121, 020131, 020201, 020202, 050100, 050201, 050202, 050203, 050209, 050301, 050302, 060101, 060102, 060103, 060501, 060502, 060503, 060601, 060602, 060609, 060802, 060803, 070111, 30070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 080201, 080202, 110109, 110301, 110302, 110303, 110309, 110620, 110905, 110909, 070310, 070320, меѓународен превоз на стока во патн. сообр. меѓун. шпедиција и складир. комисиони работи, аген. услуги во транспортот на патници и стоки, застап. на странски лица и фирми, престав. и посредув. во меѓунар промет. работи на долгор. кооперација, малогран. промет со сите соседни земји, работи во странство, купување на стоки во странство и нивна прод. во странство, организирање на меѓународни саеми и изложби, компензац. работи со странство. посред. и застап. во промет со стоки и услуги на консигнац.

Лице овластено за застапување и посредув. во пром.

Трајковски, неограничени овластувања, целосна одговорност.

Од Окружниот суд во Скопје, Срег бр. 4185/95 (5748)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 3125/95, на регистарска влошка бр. 1-14011-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на промена на фирма и промена на дејност-бришење на Трговско претпријатие „ЖИТКО ЛУКС“ Д.О.О . ул. Трифун Хаџи Јанев бр. 3, Скопје.

Дејности: 070111, 30070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070132, 070227, 070230, 070240, 070219, 070214.

Од Окружниот суд во Скопје, Срег бр. 3125/95 (5749)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 5619/95, на регистарска влошка 1-61159-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето во приватна сопственост на Претпријатието за трговија и превоз „КИКИ-ВИКИ“ д.о.о. Скопје ул. Бутелска – 31 бр. 9 Скопје.

Претпријатието е основано со Одлука за основање од 10.04.1995 г., а основач е Живко Секуловски и Десанка Секуловска.

Дејности: 060501, 060502, 060601, 060602, 060609, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 080201, 080202, 090209, 110109, 110302, 110309, 110404, 110903, 110909.

Неограничени овластувања. Целосна одговорност.

Лице овластено за застапување во внатрешниот и надворешниот трговски промет е Живко Секуловски, директор без ограничувања.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 5619/95. (5564)

---

